*Универзитет за туризам и менаџмент*
*Број 02-270/1*
*20.10.2015 год.*
*Скопје*

Врз основа на член 92, став 1, точка 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 52 став 1 алинеја 17 и 144 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015 и 154/2015), Сенатот на Универзитетот, на седницата одржана на 20.10.2015 год., ја донесе следната

# *ОДЛУКА*
## *за доделување на титула*
## *ПОЧЕСЕН ДОКТОР (DOCTOR HONORIS CAUSA)*
## *на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје*

1. На Лидија Топузовска, Генерален секретар на Националната комисија за УНЕСКО и помошник раководител на Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО во Министерството за култура на Република Македонија и се доделува титула **ПОЧЕСЕН ДОКТОР НА НАУКИ *(DOCTOR HONORIS CAUSA)*** на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, заради нејзиниот посебен придонес за промовирање на македонската култура и македонското културно наследство во светски рамки и афирмација на туристичките потенцијали на Република Македонија.
2. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.
3. Одлуката со доделување на титулата **ПОЧЕСЕН ДОКТОР НА НАУКИ *(DOCTOR HONORIS CAUSA)*** да се официјализира на Свечена седница на Сенатот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, што ќе се одржи на 02.11.2015 година.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 92 став 1 точка 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 52 став 1 алинеја 17 и 144 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015 и 154/2015), Сенатот на Универзитетот, на предлог на Факултетот за туризам на Универзитетот, на седницата одржана на 20.10.2015 година, донесе одлука како во диспозитивот земајќи го во предвид и ценејќи го досегашиот богат и разновиден професионален ангажман на г-ѓа Лидија Топузовска кој во кратки црти се огледа во следното: Г-ѓа Лидија Топузовска дипломирала на Катедрата за Југословенска книжевност и македононски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Од дипломирањето до денешен ден, целокупниот свој работен ангажман го има посветено на културата, заштитата на културното наследство и во таа насока, промоцијата на туристичките потенцијали на Република Македонија, во светски рамки.

Г-ѓа Лидија Топузовска има успешно завршено обуки за генерални секретари, и тоа: во Кенингсвинтер, Германија (1998 г.), Париз, Франција (2003 г.), Блед, Словенија (2004 г.) и Солун, Грција (2006 г.). Учествувала како предавач на повеќе меѓународни работилници и семинари, организирани од страна на УНЕСКО, Регионалното биро на УНЕСКО во Венеција и од самата Национална комисија за УНЕСКО на Република Македонија.

Во рамките на Министерството за култура на Република Македонија ги обавува и следните функции: Координатор за соработка со Советот на министри за Југоисточна Европа, член на Програмскиот Совет на Меѓународната фондација „Форумот на словенски култури" од 2007 година, Координатор за организирање на Светската конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог, на проектот на Владата на Република Македонија „Кокино – македонски бренд" и др.

Активно учествувала на многу меѓународни конференции и средби во рамките на УНЕСКО, Советот на министри за култура, Форумот на словенски култури, ИКОМОС, ИККРОМ и други истакнати меѓународни организации и асоцијации. Учествувала, како дел од редакциски одбори и како ко-автор во издавање на повеќе стручни публикации.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Именуваниот;
- Генералниот секретар на Универзитетот.

РЕКТОР

проф. д-р Аце Миленковски